РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
УПП Број: / Numer: 03-13
08.07.2026 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

**До:** **Општина Битола**

**За:**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

**ул. Македонија бр.38
1000 Скопје**

**Предмет: Одговор на Претставка**

Почитуван

Ве известуваме дека Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги детално ги разгледа наводите и посочените содржини во Вашата Претставка (наш бр. УПП 03-13 од 01.07.2026 година), кои се однесуваат на известувањето на регионалната телевизија ТЕРА на 4 јуни 2026 година, на нивните веб страница, Фејсбук страница и Јутјуб канал, а дополнително, истиот ден, лоциравме и телевизиски прилог насловен „Брифинг зад затворени врати“ емитуван од 17:58:15 до 18:01:12 во актуелно-информативната програма „Актуел“, означен како „ТВ Колумна“, која жанровски претставува редакциски коментар.

Во однос на Вашите наводи за прекршување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Ве упатуваме на следново:

- Член 2 и член 47-а од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги се однесуваат на целите на Законот и на генералните начела за вршење на дејноста и затоа за нив не се пропишани мерки во Законот, односно не се предвидени прекршочни одредби.
- Меѓутоа, медиумите при известувањето треба да ги почитуваат професионалните новинарски стандарди кои се предмет на саморегулација и во надлежност на професионалните здруженија Советот за етика во медиумите (СЕММ) и Здружението на новинарите на Македонија (ЗНМ). Оттаму и за конкретниов случај, Претставката треба да се упати до овие тела кои се единствено надлежни да проценат дали ТВ Тера ја дезинформирала јавноста со известувањето на 4 јуни 2026 година, и со тоа го нарушила Вашиот углед и угледот на институцијата со која раководите.

- Дополнително, Ве информираме дека во вакви околности примарен и соодветен професионален механизам за заштита на ставовите и обезбедување на еднаков третман на различните гледишта во јавноста е упатувањето барање до медиумот за одговор или исправка на објавена информација. Правото на одговор или исправка е гарантирано со член 16 од Уставот на државата, а операционализирано во Законот за медиуми (членовите од 17 до 28 од Законот). Доколку медиумот одбие да објави одговор или исправка, согласно член 23 од Законот за медиуми, подносителот може да покрене тужба против одговорниот уредник пред надлежниот суд во рок од 30 дена од истекот на рокот за објавување на исправката, односно од денот кога исправката не била објавена или била објавена на начин кој не е во согласност со Законот за медиуми.

- Инаку, плуралистичката демократија и слободата на политичка дебата бараат јавноста да биде информирана за прашања од јавно значење, што подразбира и право на медиумите да објавуваат и негативни информации и критички мислења кои се однесуваат на политички личности и носители на јавни функции. Како што е посочено во Декларацијата на Советот на Европа за слободата на политичката дебата, јавните функционери мора да прифатат дека ќе бидат предмет на јавен надзор и критики, посебно од страна на медиумите во поглед на начинот на кој ги извршувале или ги извршуваат своите функции во онаа мера во која тоа е неопходно за обезбедување транспарентност и одговорно извршување на функцијата.

- Исто така, уредничката независност и слободата на изразување претставуваат темелни демократски принципи и секој медиум има право, согласно сопствената уредувачка политика, да го коментира и вреднува начинот на организација на јавните настани и степенот на транспарентност на институциите.

Во согласност со стандардната пракса на Агенцијата, која воедно е и механизам за јакнење на професионалните стандарди на медиумите, за Претставката и одговорот со допис ќе биде информиран управителот и одговорен уредник на ТВ ТЕРА и истите се објавуваат на веб-страницата на Агенцијата https://avmu.mk/pretstavka-reakcija/

Со почит,

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Директор,**

**д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ**